Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-56/12
31.12 2023 год.
ЗРНОВЦИ

A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Врз основа на чл.114 став 1 алинеја 2 од овој член, а во врска со чл.77 од Законот за јавните набавки „ Службен весник на РСМ “ бр. 24/2019,, одговорното лице на Договорниот орган - Градоначалникот на Општина Зрновци , постапувајќи по Одлуката за јавна набавка бр.56-/1 од 20.01.2023 год. , а согласно Записник од отварање на понудите бр.09-56/5 од 27.01.2023 год. , Извештај од спроведената постапка бр.09- 56/11 од 30.01.2023 год, ја донесе следната

***ОДЛУКА***

За поништување на постапката за јавна набавка

***1. Се поништува*** **постапката за јавна набавка**, по спроведенета постапка за доделување на договор за јавна набавка со постапка Набавка од мала вредност со објавување на Оглас бр. 00481/2023 преку ЕСЈН , за предмет на доделување на договор за набавка на услуги, за:

**– Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Зрновци за период од 1 година .**

***2.*** Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а по истата ќе се постапува по нејзина конечност .

***Образложение***

*Комисијата за јавни набавки во Општина Зрновци , назначена во Одлука за јавна набавка бр.09-56/1 од 20.01.2023 год. , постапувајќи по истата, по Оглас бр.00481/2023 на ЕСЈН , за спроведување на* постапка *со Набавка од мала вредност со објавување на оглас за* **– Заловување и стручен третман на бездомни и нерегистрирани кучиња на територијата на општина Зрновци за период од 1 година .**- која постапка се спроведува во електронска форма и завршува со е-аукција како последна фаза за доделување на договорот.На огласот не пристигна ниту една понуда.

Комисијата за јавни набавки при Општина Зрновци , до одговорното лице на Договорниот орган , достави Записник од отварање на понудите бр.09-56/5 од 27.01.2023 год. , Извештај од спроведената постапка бр.09- 56/11 од 30.01.2023 год.

Комисијата за јавни набавки до Одговорното лице на Договорниот орган – Градоначалникот на Општина Зрновци достави Предлог-Одлука за поништување на постапка за јавни набавки.

Одговорното лице на Договорниот орган – Градоначалникот на Општина Зрновци постапувајќи согласно чл.79 ст.2 точка11 од Законот за јавните набавки / „ Службен весник на РСМ бр.24/2019,, откако утврди дека не е поднесено ниту една понуда на огласот, тендерската документација и евалуацијата беше оценета како прифатлива во смисла на чл.79 ст.2 точка 11 од Законот за јавните набавки / „ Службен весник на РСМ “ бр.24/2019,,

Постапувајќи согласно наведените членови од Законот за јавните набавки/Член 114 став1 алинеја 2 „ Службен весник на РСМ број 24/2019,, одговорното лице на Договорниот орган смета дека постапката е спроведена на начин утврден во тендерската документација, Прирачникот за начинот на користењето на ЕСЈН , како и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки а постапката спроведена согласно одредбите од Законот за јавните набавки / „ Службен весник на РСМ “ бр.24/2019.

Одлучено на ден 31.01.2023 год. , а заведено под арх.бр. 09-56/12

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**
**Градоначалник**

/Борчо Коцев /

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ЗРНОВЦИ ОПШТИНА ЗРНОВЦИ